Име на институција: Биро за судски вештачења-Скопје
Име на носител на јавна функција: Ирфан Одаи
Датум на стапување на функција: 03.08.2017

| Месец | Наративен извештај |
|---|---|
| Декември- 2017 | Во склоп на работните обврски, директорот на Бирото за судски вештачења, Ирфан Одаи имаше средби со надворешни соработници-вешти лица и адвокати, во насока на подобрување на меѓусебната соработка, а со цел обезбедување на висок квалитет на услуги согласно закон. |
| Јануари- 2018 | Во месец јануари, 2018 година, директорот на Бирото за судски вештачења, Ирфан Одаи оствари работна средба во Комора на независни проценители на Р.Бугарија во Софија Р.Бугарија.Целта на средбата беше склучување на договор за партнерство и соработка со слични организации од балканските земји.Работната средба беше остварена поради потребата од блиска партнерска соработка и создавање на заемно корисни услови за подобрување на квалификациите на проценителите на нашите организации, користење на можности за заедничко учество во програми со различен обем и карактер, заедничко финансирање на различни активности, спроведување на заеднички квалификациски настани и преференцијално учество на нашите членови во нив, размена на професионални искуства и работа на различни практични прашања во кои се вбројуваат стандардите за вреднување и други активности од заеднички професионален интерес.На работната средба беше склучен договор за соработка помеѓу Бирото за судски вештачења на Р.Македонија претставувано од директорот Ирфан Одаи и Комората на независни проценители на Р.Бугарија претставувано од Претседателот Светла Дерменџиева.<br>Овој месец, директорот Одаи присуствуваше на годишна конференција на Европската Асоцијација на проценители – Тегова во Парис,Франција. Присуството е остварено по покана од страна на Тегова до Бирото за судски вештачења, како една од членките на оваа меѓународна организација. Тегова е водечка професионална организација за процена која ги застапува интересите на повеќе од 60 професионални асоцијации од над 30 земји. Бирото е прва професионална институција за процена и вештачење од Р.Македонија, која стана член на Европска организација за процена. Целта на конференцијата е да се презентира работата на Тегова со Европската комисија за одржливост на проценка, да се сумираат постигнати резултати во претходен период, да се разменат искуства на проценителите членки на асоцијацијата и да се изгласаат нови членки. |
| Февруари- 2018 | Овој месец, директорот Одаи имаше средби со надворешни соработници-вешти лица и адвокати, во насока на подобрување на меѓусебната соработка, а со цел обезбедување на висок квалитет на услуги согласно закон. |
| Март- 2018 | Во насока на подобрување на меѓусебната соработка, а со цел обезбедување на висок квалитет на услуги согласно закон, директорот Одаи и во месец март, 2018 година, оствари средби со надворешни соработници-вешти лица и адвокати. |